**Триглав Осигурување Живот АД, Скопје**
Бул. 8-ми Септември бр. 18, кат 2
1000 Скопје

triglav

## ИЗЈАВА ЗА СОГЛАСНОСТ
## ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Јас долупотпишаниот/долупотпишаната ____________________________________________, се согласувам Триглав Осигурување Живот АД, Скопје:

1. Согласно член 10 став 1 алинеја 6 од Законот за заштита на лични податоци да ги обработува следните лични податоци за контакт:

| | |
|---|---|
| **Телефонски број:** | |
| **Мобилен број:** | |
| **Адреса:** | |
| **е-маил:** | |

2. Согласно член 13 став 2 од Законот за заштита на лични податоци, а за цел водење на постапка за надомест на штета да направи и воедно зачува копија/оригинал од следните документи кои содржат лични податоци:

☐ лична карта/пасош;
☐ трансакциска сметка;
☐ медицинска документација;
☐ извод од матични книги;
☐ полиса за осигурување;

______________________ ______________________
(датум) (своерачен потпис)

## Изјава за согласност
## за цели на директен маркетинг

Изјавувам дека:

☐ Се согласувам

☐ Не се согласувам

Триглав Осигурување Живот АД, Скопје и останатите членки на Групацијата Триглав во Република Северна Македонија да ги обработуваат моите лични податоци, и тоа: име и презиме, електронска пошта (е-маил), адреса на живеење и телефонски број, за цели на директен маркетинг.

Оваа изјава за согласност можете да ја повлечете во секое време на следната електронска адреса:
oficer.lp@triglavzivot.mk или по пошта до Триглав Осигурување Живот АД, Скопје, бул.„8-ми Септември“ бр. 18, кат 2, 1000 Скопје.

Повлекувањето на согласноста за обработка на Вашите лични податоци за цели на директен маркетинг, не влијае на законитоста на обработката на Вашите лични податоци, заснована на дадена согласност пред нејзиното повлекување.

______________________ ______________________
(датум) (своерачен потпис)

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБРАБОТКА НА ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

## 1. Идентитет и контакт податоци на Контролорот:

Назив: Триглав Осигурување Живот АД, Скопје
Седиште: бул. „8-ми Септември“ бр. 18 кат 2, Скопје
е-маил: info@triglavzivot.mk

## 2. Контакт податоци за офицерот за заштита на личните податоци:

Име и презиме: Сања Цуцулова
Тел.број: +389 25 102 256
е-маил: oficer.lp@triglavzivot.mk

## 3. Нашата визија за заштита на личните податоци

Триглав Осигурување Живот АД, Скопје е контролор на лични податоци и посветува посебно внимание на заштитата на личните податоци, со цел да ја оправда и одржи Вашата доверба.

Триглав Осигурување Живот АД, Скопје во својство на контролор на личните податоци врши обработка (собирање, евидентирање, организирање, чување итн.) на лични податоци на своите клиенти, нивните законски застапници или полномошници во согласност со одредбите на Законот за заштита на лични податоци и другите позитивни законски прописи, применувајќи соодветни технички и организациски мерки за безбедност на обработката на личните податоци.

## 4. Цели и правен основ за обработка на Вашите лични податоци

Личните податоци од точка 1 и 2 од Образецот се неопходни за обработка од страна на Триглав Осигурување Живот АД, Скопје, односно обработката на истите претставува услов за оценување на осигурително покритие и степен на штета, а недавањето на овие податоци може да има за последица несоодветно оценување на осигурително покритие или степен на штета, односно не исплаќање на штета.

Личните податоци од точка 1 на Образецот Триглав Осигурување Живот АД, Скопје ги обработува со цел остварување на контакт заради ефикасно остварување на Вашите права и обврските кои произлегуваат од облигациониот однос кој го имате воспоставено со Триглав Осигурување Живот АД, Скопје. Овие податоци за цели на директен маркетинг од страна на Групацијата Триглав во Република Северна Македонија, ќе бидат искористени само доколку имате дадено согласност, преку одбирање на соодветната опција за согласност.

Личните податоци содржани во копиите на документите од точка 1 на Образецот, Триглав Осигурување Живот АД, Скопје ги обработува со цел водење на постапка за надомест на штета и воспоставување на бази на податоци за настанати штети, оценување на осигурително покритие и степен на штета, согласно член 109 од Законот за супервизија на осигурување.

Согласноста за обработка на личните податоци од точка 1 и точка 2 од Образецот може да ја повлечете во секое време преку доставување на известување за повлекување на согласност, по пошта на следната адреса: „бул 8-ми Септември бр.18 кат 2, 1000 Скопје“ со назнака за „Офицерот за заштита на лични податоци“ или преку електронската адреса oficer.lp@triglavzivot.mk. Со повлекување на согласноста за обработка на лични податоци Триглав Осигурување Живот АД, Скопје ќе прекине со понатамошна обработка на личните податоци и истите ќе ги избрише од базите на податоци.

## 5. Рокови на чување на Вашите лични податоци

Личните податоци од точка 1 на Образецот, Триглав Осигурување Живот АД, Скопје ги чува во рок за цело времетраење на договорниот облигационен однос кој е склучен со Вас, но најмногу до 10 години по истекот на договорот за осигурување согласно член 109 став 8 од Законот за супервизија на осигурување. По завршување на договорниот однос личните податоци ќе бидат избришани/уништени од базите на податоци на Триглав Осигурување Живот АД, Скопје и истите нема да се обработуваат за истите цели.

Личните податоци содржани во копиите на документите и копиите на документите од точка 2 на Образецот, Триглав Осигурување Живот АД, Скопје ќе ги чува во рок од 10 години по затворањето на случајот на настанување на штетата, односно до денот на целосната исплата на надоместокот за настанатата штета.

## 6. Кои се Вашите права

Со цел да ги остварите Вашите права кои произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци (право на пристап, исправка, бришење, ограничување на обработката на Вашите лични податоци, приговор и преносливост), упатете барање на електронската адреса на офицерот за заштита на лични податоци: oficer.lp@triglavzivot.mk. На истата електронска адреса можете да се обратите во врска со сите Ваши прашања поврзани со обработката на Вашите лични податоци.

Доколку сметате дека обработката на Вашите лични податоци за целите наведени во точка 4 од овие Информации, не е во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податоци, или пак сметате дека е повредено некое Ваше право за заштита на личните податоци, имате право да поднесете барање за утврдување на прекршување на прописите за заштита на личните податоци до Агенцијата за заштита на личните податоци како надлежен орган за вршење на надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија.

## 7. Пренос на личните податоци

Триглав Осигурување Живот АД, Скопје е дел од Групацијата Триглав. Личните податоци од точка 1 и точка 2 од Образецот се пренесуваат во рамките на Групацијата, односно во матичното друштво Заваровалница Триглав каде што личните податоци се обработуваат само за целите на чување, При вршење на преносот на личните податоци се обезбедува високо ниво на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци. Исто така, во рамките на Групацијата Триглав се обезбедуваат сите неопходни заштитни мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци преку стандардни клаузули за заштита на личните податоци кои се одобрени од страна на Европската комисија. Сите дополнителни информации во однос на мерките за заштита може да ги добиете со поднесување на барање по пошта на следната адреса: „бул. 8-ми Септември бр.18 кат 2, 1000 Скопје“ со назнака за Офицерот за заштита на лични податоци или преку електронската адреса oficer.lp@triglavzivot.mk.

## 8. Обработка на личните податоци за цели на директен маркетинг

Личните податоци за цели на директен маркетинг, Триглав Осигурување Живот АД, Скопје ги обработува само доколку ја дадете Вашата согласност за обработка на личните податоци за цели на директен маркетинг кои ги обработува Триглав Осигурување Живот АД, Скопје или поврзаните друштва во рамките на Групацијата Триглав во Република Северна Македонија за своите услуги и услугите на поврзаните друштва во рамките на Групацијата Триглав во Република Северна Македонија.

Согласноста за обработка на личните податоци за цели на директен маркетинг може да се повлече во секое време, бесплатно, со писмено барање (доставено на следната електронска адреса: oficer.lp@triglavzivot.mk или по пошта до Триглав Осигурување Живот АД, Скопје, бул. „8-ми Септември бр.18 кат2, 1000 Скопје“, со назнака за Офицерот за заштита на лични податоци )